# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 45 | Год. LXIII | Вторник, 10 април 2007 | Цена на овој број е 190 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 627. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на продажба и постапување со стока која е одземена или која е отстапена во корист на државата и за распределба на средствата стекнати со продажбата..... | 1 |
| 628. | **Одлука** за основање на Институт за духовно културно наследство на Албанците................................................ | 2 |
| 629. | **Одлука** за испраќање на републичките сили за заштита и спасување на меѓународната мултилатерална вежба ИДАССА 2007 во Република Хрватска..................................................... | 2 |
| 630. | **Одлука** за репрограмирање на обврски на Фондот за магистрални и регионални патишта спрема Република Македонија - Министерство за финансии................................................... | 3 |
| 631. | **Одлука** за давање согласност на Статутот на Централен регистар на Република Македонија............................ | 3 |
| 632. | **Програма** за Основни геолошки истражувања за 2007 година..................... | 3 |
| 633. | **Програма** за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година.. | 4 |
| 634. | **Лиценца** за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб....................................................... | 13 |
| 635. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на легитимацијата и амблемот на градежен инспектор, односно овластен градежен инспектор и начинот на издавање и одземање на легитимацијата..................................... | 13 |
| 636. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ)...................................... | 15 |
| 637. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ)................................. | 16 |
| | **Огласен дел**................................................. | 1-60 |


## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**627.**

Врз основа на член 87, став 4 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.04.2007 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБА И ПОСТАПУВАЊЕ СО СТОКА КОЈА Е ОДЗЕМЕНА ИЛИ КОЈА Е ОТСТАПЕНА ВО КОРИСТ НА ДРЖАВАТА И ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА СТЕКНАТИ СО ПРОДАЖБАТА

Член 1

Во Уредбата за начинот на продажба и постапување со стока која е одземена или која е отстапена во корист на државата и за распределба на средствата стекнати со продажба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/05), во член 7 став (1), точката на крајот се брише и се додаваат зборовите: „или која е отстапена во корист на државата.“

Член 2

Во член 14 ставот (1) се менува и гласи:

„На јавна лицитација на стока од член 1 од оваа уредба можат да учествуваат правни лица со седиште на територијата на Република Македонија доколку ја уплатат пропишаната кауција и доколку се регистрирани за промет со стока која се продава по пат на лицитација и тоа треба да го докажат со решение или извод од Централниот регистар на Република Македонија не постар од 30 дена. За продажба на моторни и приклучни возила и нивни делови на јавната лицитација покрај правни лица можат да учествуваат и физички лица“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1848/1
3 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**628.**

Врз основа на член 8, став 2 од Законот за научноистражувачка дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ**

Член 1

Со оваа одлука Владата на Република Македонија основа Институт за духовно културно наследство на Албанците, како јавна установа, на неопределено време.

Член 2

Институтот од член 1 на оваа одлука ќе работи под име: Институт за духовно културно наследство на Албанците (во натамошниот текст: Институт).

Седиштето на Институтот е во Скопје.

Член 3

Институтот остварува научно-истражувачка дејност во следните области: албанскиот јазик, албанската книжевност, историја на Албанците во Македонија и за демографски движења на Албанците, етнологијата, историјата на уметност и народната архитектура, меѓусебните културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците со другите народи во регионот.

Член 4

Организационата поставеност на Институтот ќе биде со формирање на следните облици:

- Оддел за албански јазик;
- Оддел за албанска книжевност;
- Оддел за историја на Албанците во Македонија и за демографските движења;
- Оддел за етнологија, историја на уметноста и народната архитектура и
- Оддел за меѓусебните културни, историски и јазични врски меѓу Албанците и Македонците со другите народи во регионот.

Член 5

Подготовки за почеток со работа на Институтот врши комисијата која се формира со оваа одлука.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од следните членови.

1. д-р Веби Беџети, професор на Југоисточно европскиот универзитет во Тетово;
2. д-р Фадил Сулејмани, професор на Државниот универзитет во Тетово;
3. д-р Фејзула Шабани, професор на Југоисточниот европски универзитет во Тетово;
4. д-р Зеќир Кадриу, професор на Југоисточниот европски универзитет во Тетово;
5. д-р Љулјета Исаку, професор на Државниот универзитет во Тетово.

Комисијата треба да ги изврши следните задачи.

- да донесе привремен статут на Институтот,
- да донесе програма за работа на Институтот;
- да изврши избор на научни и соработнички звања,
- да одлучи за засновање на работен однос на административен кадар;
- да конституира Совет на Институтот како орган на управување и
- други задачи потребни за почеток со работа на Институтот.

Член 6

На првата седница на Советот се избира претседател и вршител на должноста директор.

Вршителот на должноста директор ги врши работите на претставување и застапување на Институтот, се до избор на директор.

Член 7

За извршување на редовните работи и задачи на Институтот му е обезбеден објект со соодветни простории и опрема.

Објектот од став 1 на овој член е сместен во Куршумли Ан во Старата чаршија во Скопје.

Одржувањето на објектот, просториите и опремата ќе се врши со средства од Буџетот на Република Македонија.

Член 8

Средствата за плати и надоместоци за вработените на Институтот ќе се обезбедат целосно од Буџетот на Република Македонија.

Трајни средства за реализација на научно-истражувачката дејност на Институтот ќе се обезбедуваат преку неговата годишна програма за работа и развој, целосно финансирана од Буџетот на Република Македонија, на начин предвиден во член 44 од Законот за научно-истражувачката дејност.

Институтот може да обезбедува средства за реализација на научно-истражувачката дејност и од дополнителни приходи, како што се: изведување на последипломски студии, реализација на меѓународни проекти финансирани од странски фондови или од фондовите и програмите на Европската унија, како и средства од камати, авторски права и патенти во сопственост на Институтот, легати, подароци, донации и средства од буџетот на општините, односно град Скопје.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6306/1
27 март 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**629.**

Врз основа на член 16 точка 5 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ВЕЖБА ИДАССА 2007 ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

1. Со оваа одлука се испраќаат републичките сили за заштита и спасување за учество на меѓународната мултилатерална вежба ИДАССА 2007 (во натамошниот текст: Вежбата), која ќе се одржи во периодот од 18-25.05.2007 година во Биоград, Република Хрватска.

2. Вежбата се организира заради:

- увежбување на оперативните процедури на НАТО – ЕАДРЦЦ;
- зајакнување на капацитетите на Р.Македонија за ефикасно координирање и раководење на операции за справување со катастрофи од поголем обем;
- зајакнување на соработката со различните меѓународни организации од оваа област;
- увежбување на капацитетите за справување со хемиско-биолошкарадиолошка опасност и
- тренинг на процедурите за барање помош при катастрофи од поголем обем.

3. На Вежбата ќе учествуваат: 1 (еден) тим за прва медицинска помош со 5 припадници, 1 (еден) тим за противпожарна заштита и технички интервенции со 6 припадници, 1 (еден) тим за ХАЗМАТ и деконтаминација со 9 припадници.